| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана (за поставување на фотоволтаични панели на земја) со намена Е 1.13 на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн, Општина Битола |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ДППТУ ФОРМИ ДООЕЛ Битола |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Битола |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Јорго Шундовски, д.и.а. овл.бр. 0.0058 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Арсениј Јовков бр.28, тел. 047/ 202-701 моб. 070/ 206-501 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр: 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ. бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во врска со чл. 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ Бр. 32/20 и 111/23) | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да✓<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Предметниот проектен опфат досега не бил опфатен со важечки урбанистички план, урбанистичко-планска документација или општ акт. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА - енергетика | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не✓ | Член: / | Точка: / | Алинеја:/ |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не, предметниот опфат за прв пат се врши урбанизација врз основа на Просторен план на РМ | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| Планскиот документ опфаќа користење на мала област. Планираниот објект е еден вид централа-фотоволтаична за производство на електрична енергија од обновливи ресурси (сончева енергија) што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Р.Македонија | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздухот, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки за секторот енергетика, подобрување на условите за производство и снабдување со електрична енергија и топлина, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Целта на донесување на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е урбанизација на парцела со намена Е1.13 површински фотоволтаични електрани, кои претставуваат елементи од монтажен карактер а се поставуваат за производство на електрична енергија од обновливи извори и придонесување во заштитата на животната средина. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот. | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| 2023 година. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |

| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| --- |
| Границата на проектниот опфат е затворена полигонална линија со површина од 10086.71m² Проектниот опфат зафаќа површина од 1,01 ха или, административно влегува во границите на Општина Битола и е во целост неурбанизирано и неизградено земјиште составено од катастарски култури „нива“. |

**Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**



| СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ | |
|---|---|
| **Согласно УПП** | |
| Површина на катастарски парцели | 10087 m2 |
| Површина за градење | / |
| Бруто развиена површина | / |
| Процент на изграденост | / |
| Коефициент на искористеност | / |
| **Согласно УП** | |
| Површина на градежни парцели | 10087 m2 |
| Површина за градење | 8936 m2 |
| Бруто развиена површина | 8936 m2 |
| Процент на изграденост | 89% |
| Коефициент на искористеност | 0,89 |

**НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА И ОБЈЕКТИТЕ**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана ( за поставување на фотоволтаични панели на земја ) со намена Е 1.13 на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн, Општина Битола

| Површина на проектен опфат | Г.П | Површина на градежна парцела | Број на површина за градба | Подкласа на намена | Максимална висина на градба | Број на спратови | Површина под градба /m2/ | Бруто површина за градба /m2/ | процент на изграденост | коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10086,71 m2 | 1.1 | 10086,71 m2 | 1.1.1 | Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани | 5,00 | П | 8893,85 m2 | 8893,85 m2 | 89% | 0,89 |
| | | | 1.1.2 | Е1.8 - Инфраструктура за пренос на електрична енергија - трафостаница | 4,50 | П | 42,25 m2 | 42,25 m2 | | |
| Вкупно: | | 10086,71 m2 | | | | | 8936,10 m2 | 8936,10 m2 | 89% | 0,89 |

(дадената површина е рамковна и е зависна од процентот за изграденост кој не смее да надмине 70%)



# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) СО НАМЕНА Е.1.13 НА КП 731/2 И КП 732/1 КО ТРН, ОПШТИНА БИТОЛА

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ПРИСТАПЕН ПАТ
- НИСКО ЗЕЛЕНИЛО
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- 1.1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ
- Е1.13 ПЛАНИРАНА НАМЕНА НА ГРАДБАТА
- П МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА КАТНОСТ
- H=10.00 МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСОЧИНА
- Е1.13 - ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА
- Е1.8 - ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЕ - ТРАФОСТАНИЦА
- ВЛЕЗ ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
- ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ

**ДООЕЛ ФОРМИ Битола**

лиценца за изработување на урбанистички планови број 0105

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА (ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ФОТОНАПОНСКИ ПАНЕЛИ НА ЗЕМЈА) СО НАМЕНА Е.1.13 НА КП 731/2 И КП 732/1 КО ТРН, ОПШТИНА БИТОЛА

инвеститор: Александар Прескоски

локација: КП 731/2 и КП 732/1 КО ТРН, ОПШТИНА БИТОЛА

овластен планер - потпишник: д.н.а. Јорго Шундовски овл.бр.0.0058

0

ЈОРГО ШУНДОВСКИ дипл.инж.арх. ОВЛАСТЕН ПЛАНЕР 0058

соработници планери:
д.н.а. Др.Милена Шундовска
д.н.а. Сузана Цветаноска
д.н.а. Зоран Талевски
д.н.а. Мр. Кристијан Николовски
д.н.а. Мр. Дејан Грујевски
д.н.а. Мр. Александра Наумовска



РУЖА НА ВЕТРОВИ

изработувач на планска документација: ДООЕЛ ФОРМИ БИТОЛА

управител: Јорго Шундовски

| размер: | дата: | тех. број |
|---|---|---|
| 1 : 1000 | јуни, 2023 | 11-11/14 |

ФОРМИ ДООЕЛ

УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да✓<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не✓ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина** | |
|---|---|
| (Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:**<br>• Несоодветно управување со генерираниот отпад. Во фазата на функционирање на фотонапонска централа може да се очекува, евентуално дефект или оштетување на опремата од некоја природна непогода, при што е потребна нејзина промена, додека оштетената опрема треба да се откупи од компанија која ќе ја рециклира, а која ќе поседува лиценца за таа цел добиена од Управата за шивотна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. При реализација на содржините во планскиот опфат предвидени со планската документација особено во контруктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механицазијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл.кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, почвата, биолошката разновисност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локлани, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема прекугранични влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се појават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Предметниот простор е надвор од атарот на селото Трн, од Пописот на населението во 2021 год. вкупниот број на жители во Општината Битола е 69 287, а за село Трн 87. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се**: | |
| Со реализацијата на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана (за поставување на фотоволтаични панели на земја) со намена Е 1.13 на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн, Општина Битола, ќе се предизвикаат позитивни економски ефекти и ќе се зголеми домашното производство на електрична енергија од обновливи извори | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во рамки на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана (за поставување на фотоволтаични панели на земја) со намена Е 1.13 на КП 731/2 и КП 732/1, КО Трн, Општина Битола нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.<br>Обезбедени информации од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, бр. 08-895/2 од 14.04.2022, на кое се констатира дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку во реализација на проектот бидат откриени објекти, односно предмети, изведувачот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Проектниот опфат претставува земјоделско земјиште со катастарски култури ниви. Не се евидентирани никакви градби во неговите рамки. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема влијание, во непосредна близина нема заштитени области. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ престставува рамка за спроведување на проекти и други активности во однос на локацијата, природата, големината, условите за работа или според одредување на ресурсите:**

Со планот не се предвидува изградба на објекти за кои е предвидено спроведување на постапка за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина (оценка на влијанието врз животната средина).

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на проектниот опфат нема резиденцијални објекти. Земјиштето си го задржува својот статус што го имало и пред извршената урбанизација.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Планскиот документ согласно неговите цели го промовира просторниот и економски развој на просторот од аспект на одржлив развој, т.е. го зголемува производството на електрична

| |
|---|
| енергија од обновливи извори. |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**<br>**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**<br><br>Неправилно управување со отпадот може да доведе до загадување на животната средина и здравјето на луѓето. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој / тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br><br>Реализацијата на планскиот документ представува донесување на урбанистички проект врз основа на издадени услови за планирање на просторот и Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање, Просторен План на Република Северна Македонија. |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br><br>За предметниот простор нема важечка урбанистичка документација и за истиот нема претходно спроведена стратегиска оцена. |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>Овој проект спажа во Уредбата за изменување на уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина Прилог 1, точка V-Енергетика, потточка 5-електрани кои користат обновливи извори на енергија (сонце, ветер, биомаса, биогас, геотермална и др) со моќност до 200 MW. |

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br><br>Тони Коњановски |
| Датум 20.12.2023<br>Место Битола<br>08-1311/23<br>(да се цитира бр на одлука од совет) | М.П. |